ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Дата: 27.09.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

**Условни надоместоци за јавните здравствени установи**

Во **април 2011 година Фондот воведе условни надоместоци** со условен план за минимален број на определени здравствени услуги коjштo здравствените установи требаа во целост да ги исполнат со цел да се поттикнат да обезбедат оние услуги коишто беа најдефицитарни или несоодветно планирани во изминатиот период.

Овој проект како пилот беше целосно **поддржан од стручната јавност**.

**9 здравствени установи добија дополнителни условени средства** во износ од **184 милиони денари** за извршување на здравствени услуги за период април 2011 – март 2012 и се договорени во посебен прилог на договорот како „специфични планови за вид и обем на здравствени услуги“.

Овие здравствени установи **беа условени доколку не ги извршат здравствените услуги во обемот предвиден во планот дека нивните надоместоци ќе бидат намалени.**

Со оваа мерка **Фондот планираше:**

**1. да ја зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ** и да ги стимулираа директорите и докторите во ЈЗУ но истовремено од нив се побара отчетност и оправдување на сработеното.

2. **да го поттикне јавното здравство** да му обезбеди на осигуреникот квалитетна и навремена услуга со примена на современи методи.

3. **еден од првите чекори за понатамошните преговори со ЈЗУ** и зајакнување на улогата на стратешки купувач на здравствените услуги. ФЗОМ како купувач на здравствените услуги очекува задоволување на потребите на осигурениците и услуга во чекор со современите светки трендови.

За да ја реализира мерката Фондот го следи исполнувањето на специфичните услуги на квартално ниво. Соодветно, од 9 здравствени установи, во првиот квартал од договорот којшто започна на 1 април, односно за период април- јуни 2011 година **само 3 здравствени установи го исполнија планот:**

- Градска болница 8ми септември (за фако методи за лекување на катаракта)

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

- Клиника за ревматологија (за биолошки лекови)
- Клиника за урологија (за трансплантации)

**6 здравствени установи не го исполнија планот во целост и ФЗОМ им скрати вкупно 12,4 милиони денари:**

- Клиника на торакална и васкуларна хирургија 557 илјади денари (за васкуларни и торакални интервенции)
- Клиника за детска хирургија 355 илјади денар (за трансплантација на бубрег)
- Клиника за уво, нос и грло 2.214 илјади денари (за кохлеарен имплант)
- Клиника за детски болести 4.908 илјади денари (за хормон за раст)
- Клиника за хематологија 2.156 илјади денари (за трансплантација на коскена срцевина)
- Клиника за очни болести 2.299 илјади денари (за фако метода за катаракта)

Фондот посочува дека **доколку овие ЗУ во наредниот квартал покажат остварување над договорениот износ** за наредниот квартал и го надоместат неостварениот износ од периодот април-јуни, средства ќе бидат префрлени назад.

Истовремено, Фондот посочува дека со оваа мерката **се оствари позитивен ефект особено во лекувањето на катаракта со современата фако метода** во Градската болница 8ми Септември која покажа одлични перформанси и покажа дека може успешно да планира и реализира овие здравствени услуги.

Ова мерка **даде позитивни резултати** и очекуваме во идниот период со успешност да се реализира и во другите јавни здравствени установи.

Фондот останува **доследен во спроведување на сите активности и мерки за обезбедување на навремени и квалитетни здравствени услуги кои се неопходни за осигурениците.**